Кој ќе умре правејќи Му ширк на Аллах, ќе влезе во Џехенемот

Се пренесува дека Абдулах ибн Месуд, радијаллаху анху, рекол: Аллаховиот пратеник, алејхи селам, искажа нешто, а и јас кажав. Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, кажа: „Кој ќе умре правејќи Му ширк на Аллах, ќе влезе во Џехенемот“, а јас додадов: „Кој ќе умре неправејќи му ширк на Аллах, ќе влезе во Џенетот.“
[متفق عليه] [صحيح]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, нè известува дека оној кој му посветува ибадет на некој друг освен на Аллах, како што е довата и барањето помош и умре во таква состојба, ќе биде од жителите на Џехенемот. А Ибн Месуд, радијаллаху анху, додал: „Кој ќе умре, неправејќи ширк-многубоштво кон Аллах, неговиот крај ќе биде во Џенетот.“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3419